**ПРИЛОГ 5:**
**ПРЕДВИДУВАЊЕ И НАРАЧУВАЊЕ НА ТЕЛЕФОНСКИ ИНТЕРКОНЕКЦИСКИ ЛИНКОВИ**

**Содржина**

**1. Видови и содржина на предвидувања ............................................................ 2**
**2. Ажурирање на Предвидувањата од страна на Партнерот........................................ 2**
2.1 Доставување на Предвидувања За Интерконекција ................................................... 2
2.2 Ажурирање на Предвидување За Капацитет .............................................................. 3
2.3 Обезбедување на податоци за Начинот На Имплементација на Телефонски Интерконекциски Вод ........................................................................................................ 4
**3. Ажурирње на Распоредот За Имплементација од страна на Македонски Телеком АД4**
3.1 Ажурирње на податоците за капацитет на Телефонските Интерконекциски Водови 4
3.2 Подготовка На Нов Распоред За Имплементација...................................................... 5
3.3 Управување со недостиг на ресурси............................................................................ 5

## 1. Видови и содржина на предвидувања

**1.1** Постојат два вида на Предвидувања на Телефонски Интерконекциски Водови:

**а)** Почетно Предвидување е првото Предвидување што се приложува кога се склучува Договор За Интерконекција. Тоа обезбедува податоци за првиот – делумно или целосно – календарски квартал и следните 3 (три) последователни календарски квартали за Телефонските Интерконекциски Линкови; и

**б)** Тековно Предвидување е ажурирана верзија на Почетното Предвидување и претходното Тековното Предвидување соодветно, ажурирано според календарски квартали.

**1.2** Почетните/Тековните Предвидувања треба да ги содржат следниве документи:

**а)** Предвидување За Начинот На Интерконекција;

**б)** Предвидување За Капацитет; и

**в)** Почетно Предвидување кое ќе вклучува Предвидување За Сообраќај (во минути) за сите Интерконекциски Точки како дополнение.

**1.3** Предвидувањето За Капацитет треба да биде доставено од Партнерот со ажурирани информации секој квартал, што ќе ги содржи барањата за ширината на опсегот (bandwidth capacity demands) на Телефонските Интерконекциски Водови (назначувајќи го целосниот капацитет, кој исто така го вклучува и постоечкиот капацитет), во согласност со Додаток I.А (Формулар за Предвидување За Капацитет). Почетното Предвидување За Капацитет за имплементација на Локална Интерконекција во одредена Основна Зона на Македонски Телеком АД може да содржи предвидување за Телефонски Интерконекциски Вод со само еден Телефонски Интерконекциски Линк.

**1.4** Предвидување За Начинот На Интерконекција треба да биде доставено од Партнерот за сите Телефонските Интерконекциски Водови, што биле назначени во Предвидувањето За Капацитетот како нови барања, во согласност со Додаток I.Б (Формулар за Предвидување За Начинот На Интерконекција).

**1.5** Распоред За Имплементација се подготвува од Македонски Телеком АД во согласност со процедурата утврдена во Точка 3.

## 2. Ажурирање на Предвидувањата од страна на Партнерот

### 2.1 Доставување на Предвидувања За Интерконекција

Новите Предвидувања За Интерконекција што се подготвени од Партнерот треба да се доставaт до следните крајни рокови и временски периоди:

| Крен рок за доставување на Предвидувања За Капацитет | Периоди за ажурирање | Нов квартал (предмет на Предвидувањето) |
|---|---|---|
| 15 Февруари од целната година | од 1 Мај од целната година до 31 Декември од целната година | од 1 Јануари до 31 Март од годината по целната година |
| 15 Мај од целната година | од 31 Јули од целната година до 31 Март од годината по целната година | од 1 Април до 31 Јуни од годината по целната година |
| 15 Август од целната година | од 1 Октомври од целната година до 30 Јуни од годината по целната година | од 1 Јули до 30 Септември од годината по целната година |
| 15 Ноември од целната година | Од 1 Јануари од годината по целната година до 30 Септември од годината по целната година | од 1 Октомври до 31 Декември од годината по целната година |

## 2.2 Ажурирање на Предвидување За Капацитет

### 2.2.1 Доставување на Предвидување За Капацитет

**2.2.1.1** Новото, ажурирано Предвидување За Капацитетот треба да содржи:

**а)** Во однос на предвидените бројки во претходното Предвидување За Капацитет за следните 3 (три) календарски квартали:
**I)** Потврда или
**II)** Корекција на претходното Предвидување според Географски Локации На Интерконекциски Точки земајќи ги предвид маргините на толеранција дефинирани во Точка 2.2.2.1;

**б)** Предвидени квантитативни податоци за четвртиот календарски квартал (претходно не е дефинирано).

**2.2.1.2** Ажурираната верзија на Предвидувањето За Капацитет треба да се достави во електронска и физичка форма исто така до Македонски Телеком АД.

**2.2.1.3** Доколку Партнерот не го достави ажурираното Предвидување За Капацитет до крајните рокови определени во Точка 2.1, ќе се применуваат податоците од претходното Предвидување За Капацитет за односните 3 (три) квартали. За 4 (четвртиот) календарски квартал од новото Предвидување За Капацитет ќе се применуваат квантитативните податоците од четвртиот календарски квартал од претходното Предвидување За Капацитет (претпоставувајќи дека нема промена на капацитетот за секоја од Интерконекциските Точки).

### 2.2.2 Прифатливи отстапувања од претходното Предвидување За Капацитет

**2.2.2.1** Дозволени се прифатливи отстапки на квантитативните податоци за кварталите дефинирани во ажурираното Предвидување За Капацитет, од бројките дефинирани во преходното Предвидување За Капацитет, согласно следната табела. Максимални отстапки се применуваат на една Географска Локација На Интерконекциски Точки.

| Квартали од новото (ажурирано) Предвидување За Капацитет споредени со односното тромесечје од претходното Предвидување За Капацитет | Максимални допустливи отстапки во однос на една Географската Локација На Интерконекциски Точки – со капацитет до 8x2 Mbit/s | Максимални допустливи отстапки во однос на една Географска Локација На Интерконекциските Точки – со капацитет над 8x2 Mbit/s |
|---|---|---|
| U1[1] споредено со E2[2] | 2x2 Mbit/s за секоја Географска Локација На Интерконекциски Точки | 5% |
| U2[3] споредено со E3[4] | 2x2 Mbit/s за секоја Географска Локација На Интерконекциски Точки | 15% |
| U3[3] споредено со E4[4] | 2x2 Mbit/s за секоја Географска Локација На Интерконекциски Точки | 20% |

**2.2.2.2** Доколку Партнерот ги измени квантитативните податоци дадени за една Географска Локација На Интерконекциски Точки во претходното Предвидување За Капацитет надминувајќи ги границите на толеранција дефинирани во Точка 2.2.2.1, Македонски Телеком АД има право да организира преговори за усогласување во рок од 15 дена по добивање на Предвидувањето За Капацитет.

**2.2.2.3** Во случајот опишан во Точка 2.2.2.2 за зголемување над границата на толеранција, Македонски Телеком АД има право на подолго време за имплементација отколку што е дефинирано во Прилог 3.А (Опис на Услуги За Телефонски Интерконекциски Линк).

**2.2.2.4** Новото Предвидување За Капацитет што е доставено од страна на Партнерот и доколку е потребно изменето на усогласен начин во согласност со Точка 2.2.2.2 треба да се испрати назад од Македонски Телеком АД најдоцна со Распоредот За Имплементација.

### 2.3 Обезбедување на податоци за Начинот На Имплементација на Телефонски Интерконекциски Вод

**2.3.1** Партнерот во однос на Телефонските Интерконекциски Водови

**а)** што треба да се имплементираат како нови или

**б)** што треба да се имплементираат на различен начин (пред фазата на имплементација)

во споредба со претходното Предвидување, треба да обезбеди информации за начинот на имплементација во согласност со Додаток I.Б (Формулар за Предвидување За Начинот На Интерконекција) вклучувајќи ги деталните податоци што треба да се обезбедат во случај на Физичка Колокација.

**2.3.2** Предвидување За Начинот На Интерконекција треба да се достави во електонска и физичка форма до Македонски Телеком АД.

## 3. Ажурирње на Распоредот За Имплементација од страна на Македонски Телеком АД

### 3.1 Ажурирње на податоците за капацитет на Телефонските Интерконекциски Водови

**3.1.1** Македонски Телеком АД го определува потребниот капацитет на Телефонските Интерконекциски Водови (или потребниот број на Интерконекциски Линкови) според Географски Локации На Интерконекциските Точки врз основа на процедурата утврдена во Точка 2.2.2.

[1] Ux: податоци за квартал бр. X од новото Предвидување
[2] Ey: податоци за квартал бр. У од предходното Предвидување

**3.1.2** Основа за димензионирање на Групите На Сигнализациски Кола е бројот на Телефонски Интерконекциски Линкови според Географски Локации На Интерконекциските Точки.

### 3.2 Подготовка На Нов Распоред За Имплементација

**3.2.1** Македонски Телеком АД подготвува Распоред За Спроведување врз основа на:

**а)** доставеното Предвидување За Начинот На Интерконекција во согласност со Точка 2.3 и

**б)** доставеното Предвидување За Капацитет во согласност со Точка 2.2.1 и изменетото Предвидување За Капацитет и времето за обезбедување во согласност со мерките од Точките 2.2.2.2 до 2.2.2.4.

**3.2.2** Меѓу Страните може да има усогласување за капацитетите на Телефонскиот Интерконекциски Вод во Распоредот За Имплементација што се повисоки отколку определените во Точка 3.1.1.

**3.2.3** Македонски Телеком АД треба да го достави Распоредот За Имплементација на Партнерот

**а)** во рок од 21 (дваесет и еден) ден по приемот на Предвидувањето За Капацитет и/или на Предвидувањето За Начинот На Интерконекција, или

**б)** во рок од 15 (петнаесет ) дена откако ќе се заврши усогласувањето иницирано од страна на Македонски Телеком АД во согласност со став 2.2.2.2, или

Се применува последниот датум.

**3.2.4** Доколку Партнерот не се согласува со Распоредот За Имплементација подготвен од страна на Македонски Телеком АД, Партнерот има право да иницира усогласување во рок од 15 (петнаесет) дена по приемот на Распоредот За Имплементација.

### 3.3 Управување со недостиг на ресурси

### 3.1.1 Правила за задоволување на барањата за Телефонски Интерконекциски Водови.

**3.3.1.1** Во случај на недостаток на ресурси, заради барањата на Партнерот и други Телефонски Мрежни Оператори, Македонски Телеком АД ги дефинира следниве приоритетни класи за определување на крајните рокови при подготовка на Распоредот За Имплементација:

**а)** Прва приоритетна класа:

првичен капацитет за Телефонски Мрежни Оператори со барање за нивна прва Интерконекција; најмногу 2 (два) Телефонски Интерконекциски Линкови на најмногу 3 (три) Интерконекциски Точки;

**б)** Втора приоритетна класа:

за капацитети што ги бара Партнерот и други Телефонски Мрежни Оператори во рамките на ограничувањата определени во Точка 2.2.2;

**в)** Трета приоритетна класа:

за поголем капацитет што е над барањата во Точките а) и б) што е зафатен за најмалку 2 (две) години од страна на Партнерот или други Телефонски Мрежни Оператори;

**г)** Четврта приоритетна класа:

за барања различни од барањата што се определени во под-точките од а) до в).

**3.3.1.2** Во случај на недостаток на ресурси Македонски Телеком АД ќе ги задоволи потребите во дадената приоритетна класа само откако ќе ги задоволи сите барања од повисоките приоритетни класи (барања со помали редни броеви).

Во рамките на дадена приоритетна класа Македонски Телеком АД ќе ги задоволи барањата според тоа како тие се пристигнати.

**3.3.1.3** Доколку Партнерот побара Интерконекција со Физичка Колокација во Точка На Присуство На Македонски Телеком АД за која е наведено дека не била подготвена во Прилог 2.В (Колокациски Места Понудени од Македонски Телеком АД), каде што тоа би било прва Интерконекција и каде што е возможно да се изгради Колокациска Просторија, Македонски Телеком АД ќе ја задоволи таквата потреба само во случај доколку Партнерот се обврзе да плати надомест што се пресметува врз основа на целата сума за инвестирање и трошоците за градење и обезбедување на Колокациска Просторија.

**3.3.1.4** Доколку Партнерот побара Интерконекција со Физичка Колокација во Точка На Присуство на Македонски Телеком АД за која е наведено дека не била подготвена во Прилог 2.В (Колокациски Места Понудени од Македонски Телеком АД) и каде што е изградена Колокациска Просторија – соодветна за инсталирање на потребната опрема на Партнерот – заради претходни барања на некој друг Телефонски Мрежен Оператор(и), Партнерот ќе плати пропорционален надомест што ги покрива сумата за инвестирање и трошоците за градење и обезбедување на Колокациската Просторија за другиот Телефонски Мрежен Оператор(и), споменати погоре.

### 3.3.2 Правила за задоволување на барањата за Физичка Колокација

**3.3.2.1** Во случај на недостаток на ресурси за барањата за Физичка Колокација, Македонски Телеком АД ќе го воведе следното правило на редослед:

**а)** Барањата за Физичка Колокација ќе се задоволуваат во согласност со тоа како пристигнуваат;

**б)** Во случај кога има повеќе барања што пристигнале на ист ден за исто Колокациско Место и каде што не може да се определи точен редослед на пристигнување, редоследот ќе се определи според датумот на нивно појавување во Предвидувањата За Начинот На Интерконекција што биле претходно доставени.

**3.3.2.2** Доколку постојат технички проблеми во однос на задоволувањето на барањата за Физичка Колокација или тоа би предизвикало поголеми зафати за инсталирање на канали и кабли, Македонски Телеком АД има право да иницира преговори за Времето На Имплементација и за цената на проектот во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на Предвидувањето За Начинот На Интерконекција.